**ЕЛС-ОПШИНА КОНЧЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА РОДОВА ЗАСТАПЕНОСТ И БУЏЕТИРАЊЕ**

**ПО ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА КОНЧЕ за 2020 година**



**Пилот анализа на активности од Годишниот план за еднакви можности на мажите и жените на општина Конче**

Изработил Златко Јанкулов
Котролирал Тинка Ангелова

**Вовед**

Користејќи методолошки пристап на родово одговорно буџетирање – родова анализа на буџетска ефективност,Одделението за правни општи раобти и јавни дејности на општина Конче направи споредбена анализа на родовата статистика на вработените во државните и јавните институции во општина Конче и корисници од ставките на Програмата за социјална заштита на општина Конче.
За таа цел Одделението за правни општи работи и јавни дејности спроведе:
- теренско истражување со сите институции ( собирање на примарни податоци од трошењето на јавните пари на постоечки институциии)
-истаржување на сите програми и политики на Советот на општина Конче кои се однесуваат на социјалната заштита, како и Акциониот план за родова еднаквост за 2020 година
- како и собирање на секундарни податоци, (Државен завод за статистика) а ќе анализата ќе биде објавени и на веб страната на општината и јавно достапна од Локалната Самоуправа.

**Политика за родова рамноправност на Општина Конче**

На светско и регионално ниво сеуште жените и девојките воопшто не уживаат еднаков статус, ниту пристап и контрола над ресурсите како мажите и момчињата. Развој на локалната заедница е невозможен доколку не се создаваат услови за унапредување на општествената,политичката и економската состојба на жените.
Родовите разлики помеѓу мажите и жените се општествено конструирани, а не биолошки утврдени.
Родовите односи често се нееднакви, но не смее сите родови разлики да се гледаат како негативни. Родовите разлики меѓу мажите и жените се разликуваат зависно од нивната раса, класа, возраст, култура и религија.Иако родовите прашања се универзални, тие треба да се решаваат и разгледуваат во контекст на одредени култури.
Податоците од истражувања покажуваа дека пристрасноста на мажите при носењето на одлуки во раководните органи и високите менаџерски позиции се уште е доминантна реалност.
Системите за управување и хиерархија кои постојат често ги исклучуваат помалку моќните и спречуваат остварување на Визијата за која мажите и жените се еднакви во уживањето на слободата, одговорноста и правата. Родовата еднаквост е одговорност на сите граѓани и бара посветеност и ресурси од сите институции.

**Активности на Општина Конче на полето на родовата еднаквост.**

Општина Конче пред повеќе години ја утврди потребата од стратешки пристап кон надминување на родовиот јаз на локално ниво и промовирање на родовата еднаквост како прашање на социјална правда и човекови права.
Во однос на тоа во општина Конче постојат: Политика за родова рамноправност на општина Конче и Програма за работа на Комисијата за родова рамноправност која се донесува секоја година од Советот на Општината. Според политиките на Општината родовата нееднаквост е фундаментална причина за сиромаштија и неправда. Целта на овие политики е да се објаснат и пренесат заложбите на Советот и Градоначалникот во однос на унапредувањето на еднаквите можности и родовата рамноправност во рамки на работата на општина Конче.

**Социјалната заштита** пак е регулирана со Законот за социјална заштита, кој дефинира систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот. Врз основа на член 22, став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа и член 6, став 1 од Законот за социјална заштита, Советот на Општина Конче тековно секоја година во декември донесува Програма за активности на општина Конче во областа на социјалната заштита, а со цел намалување на сиромаштијата, социјалната исклученост и поддршка на социјално загрозените лица од општината. Главно средствата од оваа програма се наменети за обезбедување активен однос на Советот на општината кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита, изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи, изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи, подобрување на стандардот на граѓаните, создавање на услови за поквалитетни услуги на децата од предучилишна возраст, осовременување на училишните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови за инклузија на деца со посебни потреби.

**Активностите на општина Конче во областа на социјалната заштита** опфаќаат различни категории на граѓани и генерално се насочени кон поттикнување, поддржување и нивно помагање. При тоа со оваа програма се опфатени проектот Народна кујна, семејства погодени од несреќи или елементарни непогоди, социјално загрозени семејства, лица-жртви на семејно насилство, лица со посебни потреби, жени заболени од рак на дојка, подшрка и помош на стари и изнемоштени лица и образована помош на деца со потешкотии во учењето итн.

Во Програмата на Комисијата за родова еднаквост под областа социјална заштита се ставени мерки, активности и политики насочени кон спречување и надминување на основните социјални ризици на кој е изложен секој човек, за намалување на сиромаштија и социјална исклученост и сопствена заштита. Додека под областа на Здравство, Комисијата ќе се залага за подобрување на здравјето кај жените преку преземање на активности за подигање на свеста на жените за постоење на превентивни програми, а посебно залагање за имплементирање на програмите за репродуктивно здравје за жените на локално ниво. Од програмата за 2020 година за оваа намена се планирани 350.000 ден. и е 3 % од целокупниот буџет на општина Конче, а за реализација на целата програма на Комисијата за родова еднаквост вкупно 100.000 ден. или тоа е само 1% од целокупниот буџет на општина Конче.

**Превземени задачи за спроведување кои произлегуваат од Годишниот план за еднакви можности на жените и мажите на општина Конче за 2020 година.**

1. **Прибирање на родово разделените статистички податоци** за составот на работните и другите тела, делегациите и другите органи во единиците на локалната самоуправа, при именувањето претставници во јавните претпријатија и установи при остварувањето на надлежностите од нивниот делокруг на работење. Во рамките на своите надлежности и поле на дејствување, Општина Конче беше должна да преземе **позитивни мерки** за унапредување на родовата рамноправност и воспоставување на еднакви можности кои ќе бидат оправдани и засновани на анализи за статусот на жените и мажите.

За таа цел од органи, институции и организации се прибараа податоци за вкупниот број вработени, за половата структура на вработените, за образовната структура, за состојбата со распоредувањето на мажите и жените на раководни работни места како и просекот на приходи што ги остваруват жените на годишно ниво во однос на мажите.

Добиените податоци од вакавата анализа на степенот на имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите, ќе бидат показатели за родова слика во дистрибуцијата на раководни работни места помеѓу жените и мажите во општина Конче.

2. **Вклучување на родовата перспектива во програмите, стратегиите** и останатите документи што ги разгледува и усвојува Советот на Општина Конче.

Од 2020 година започнато е со вклучување на родовата перспектива во, политиките и програмите (gender mainstreaming) што е важен концепт кога станува збор за еднаквите можности на жените и мажите.

Ова подразбира детектирање на областите каде што недостасуваат одредби од родов аспект во одлуките, заклучоците, програмите, плановите, со кои би се унапредила родовата рамноправност и би се воспоставиле еднаквите можности на девојчињата и момчињата, жените и мажите.

**Како се интегрира родовата персепктива**? Во насока на остварување на принципот на еднакви можности за мажите и жените во содржините на општинските програми се превземаат следниве мерки и активности:

- Воведени се одделни програмски мерки од годишниот план за еднакви можности на жените и мажите во програмите на:

одделението за општи правни работи и јавни дејности,

одделението за урбанизам ,комунални работи ЛЕР и заштита на животната средина,

одделението за финансирање и буџет,

и одделението за инспекциски работи на општина Конче за 2020 година.

- Преземенање на конкретни позитивни мерки во програмите на општина Конче за унапредување на родовата рамноправност и воспоставување на еднакви можности ќе бидат оправдани и засновани на анализи за вклченоста на жените и мажите во нивната годишна реализација.
- Општина Конче во програмите прибара податоци за вкупниот број ангажирани лица, за половата структура на корисниците на програмата, за образовната структура и за состојбата со распоредувањето на мажите и жените во превземени програмски активности.

Добиените податоци од ваквата анализа на степенот на имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите во програмите ќе бидат показатели за родова слика во дистрибуцијата на ресурсите од програмите,распределба на ангажираните/вработените лица жени и мажи на работни места при спроведување на програмите на општина Конче.

**СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА на податоци за родова еднкавост на жените и мажите во општина Конче**

## *1.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ на Општина Конче*

**Население:** 3.536 жители (попис на населението 2002 година).

**Последни обработени податоци за општина Конче 2015 година**

**Графикон 1 Полова структура на населението - Конче**




**Графикон 2: Возрасна структура на населението - Конче**

Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.




**Активни и пасивни баратели на работа**

**Број на невработени лица:** 354 (2015 година).

**Графикон** 3. **Невработени лица – Конче**




Возрасна структура на невработените

Графикон 4: Активни баратели на работа - Конче




## Образовна структура на невработените

## Графикон 5 Табела на образовна структура на невработени лица општина Конче

| Невработени лица според образование | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Доктори на науки | | | |
| Магистри на науки | 0 | 0 | 0 |
| Високо образование | 15 | 7 | 8 |
| Више образование | 2 | 1 | 1 |
| Завршено средно образование | 101 | 59 | 42 |
| Непотполно средно образование | 23 | 18 | 5 |
| Основно образование и без образование | 213 | 123 | 90 |
| **Вкупно / Total** | **354** | **208** | **146** |

**2.Родова Статистика Програми за Социјална заштита**

**Министерство за труд и социјална работа на Р.С.Македонија**
**График 6** - Број на мажи и жени корисници на **месечен социјален надоместок од** од општина Конче Вкупно 260 корисника  во 2020 година**- извов ЦСР-Радовиш**

**Корисници на социјална помош од општина Конче од Буџетот на Општина Конче**
**График 7** - Родова статистика на корисниците од ставките на Програмата за социјална заштита исплатени финансиски средства за **еднократна парична помош на лица за 2019 и 2020 г.**







**График 8**- Број на мажи и жени **волонтери** во општина Конче 2020







**График 9**- Број на мажи и жени вклучени во **јавни работи** на општина Конче во 2020






**График 10** - Број на мажи и жени вклучени во програма на УНДП за **општинско корисна работа** од општина Конче







**График 11** - Број на мажи и жени корисници на **хуманитарна помош** од општина Конче




**График 12** - Број на мажи и жени ангажирани како **доброволни пожарникари** од општина Конче



**График 13**- Број на мажи и жени корисници на **топол оброк од народна кујна** Конче од општина Конче 50 корисници







**3.Родова разделена статистика на Институции во општина Конче**

**ЕЛС-општина Конче**

**График 14** - Состојба на вработени мажи и жени во општина Конче до 2020 г.

Вработени на неопределено време до крај на2020 година и вкупни бруто примања







**График 15** Вработени на определено време до крај на 2020 година и вкупни бруто примања






**График 16** Сумарно за општина Конче вработени мажи и жени и бруто примања







**График 17** Годишна просечна нето заработувачка на вработни мажи и жени во општина Конче во 2020 година.




**График 18** - Состојба на мажи и жени членови на советот на општината 2017-2021 г и вкупна бруто годишна заработувачка мажи жени членови на советот на општина






**График 19** - Број на мажи и жени преседатели на рурални месни заедници во општина Конче -8 лица




**Општинско основно училиште Гоце Делчев Конче**
**График 20** Состојба на вработени мажи и жени во ООУ Гоце Делчев-Конче до 2020 г. и вкупно годишна бруто плата жени во однос на мажи.







**График 21.** Годишна просечна нето заработувачка во однос на вработени мажи и жени во ООУ Гоце Делчев-Конче во 2020 година




**Јавното комунално претијатие Лакавица Конче**
**График 22**- Состојба на вработени мажи и жени во Јавното комунално претијатие Лакавица Конче во 2020 г. и вкупно гошна нето плата мажи во однос на жени.







**График 23** Годишна нето просечна заработувачка во однос на вработни мажи и жени во ЈПКД Лакавица Конче во 2020 година




**Јавна установа Детска градинка 12 јули Конче**

**График 24**- Состојба на вработени мажи и жени во детска градинка-Конче во 2020 г. и вкупно годишна нето плата мажи во однос на жени.







**График 25** Годишна просечна нето заработувачка во однос на вработни мажи и жени во детска градинка 12 Јули Конче во 2020 година




**Графикон 26** Збирен преглед на соодност на раководни позиции помеѓу жените и мажите во институции на општина Konче




**Графикон 26** Збирен преглед за родова застапеност по сите наведени ставки од Извештајот за радова распределба



**ЗАКЛУЧОК**

Општ заклучок од направената прва пилот родова анализа на овие податоци кои ја искажуваат фактичката состојба по однос на родовата застапеност,
- <u>По однос на мерките за социјална заштита</u> општина Конче во наредниот период треба да го подобри бројот на позитивно решени барања за социјална заштита на населението, според анализите како најчести баратели на социјални еднократни надоместоци се мажи.Оваа може да се погледне и од аспект на традиционалната поставеност на мажите и жените во општина Конче ,мажите како глава на фамилијата во поголем број случаи се јавуваат баратели или носители на одредени социјални права.Зголемен процент на мажи во однос на жени има и по однос на користење на социјална мерка-топол оброк од народната кујна во Конче.По однос на бројот на корисници на социјална помош од Центарот за социјални работи немаме обезбедено податоци за број на мажи и жени корисници од општина Конче.
<u>Препорака</u> Општината треба да работи на надминување на традиционалните норми на сваќања кај граѓаните за правата и одговрностите се со цел поголема родова еднаквост во социјалната заштита на општина Конче.

- <u>По однос на активни политики за ангажирање на лица</u> во програми и мерки на Општината со цел остварување на работни квалификации, работно искуство и паричен надоместок како што се програма за волонтерство, програма за јавни работи , програма за општинско-корисна работа , доброволни пожарникари се забележува традиционален пристап на поделба на работите на повеќе машки и повеќе женски.Ваков случај имаме во ангажирање на волонтери жени, ангажирање на работници за јавни комунални работи мажи и програма општинско корисна работа само припадници од женски пол како и ангажирање на доборoволни пожарникари мажи. Проблемот за ваквата состојба е делумно и во традиционалниот поглед на населението по однос на Огласите за работните позиции од општината дека за одредени позиции повеќе се само машки или само женски.
<u>Препорака</u> Општината како носител на програмите за објавените огласи за раобтно ангажирање треба активно да ги стимулира и двета родови пола мажи и жени и да дејствува јавно на надминување на предрасудите за мислењата за подобностите на одредени роботни позиции за мажи или жени.Ова може да се поттикне со мерка за родова застапеност во програмите што во самите огласи ќе стои и минимум процент на жени или мажи кои треба да учествуваат во реализацијата.
По однос на вработени или работно ангажирани лица во институциите на општина Конче генералната состојба е дека задоволува но потребно е првземање на активни мерки за пдобрување на родова еднаквост во наредните години.
По однос на одредени институции состобата е следната:

<u>**ЕЛС-Општина Конче**</u> застапеноста на припадници на машки во однос на припаднички од женски пол застапеноста е 40% жени и 60% мажи ,според оваа има потреба во наредните години овој процент на работно ангажирани лица да се приближува во однос на вработени мажи и жени.
По однос на остварувањето на годишна просечна нето заработувачка во однос на вработни мажи и жени во општина Конче во 2020 година жените остваруваат поголема нето заработувачка.

**ООУ Гоце Делчев-Конче** застапеноста на припадници на машки во однос на припаднички од женски пол застапеноста е  69% жени и 31% мажи , според оваа имаме поголема родова неизедначеност по однос на мажи-жени и има потреба во наредните години од овој процент на работно ангажирани лица да имаат позитивен приоритет мажите со цел да се приближи процентот во однос на вработени мажи и жени во основното училиште.
По однос на остварувањето на годишна просечна нето заработувачка во однос на вработни мажи и жени во ООУ Гоце Делчев-Конче во 2020 година жените остваруваат поголема нето заработувачка.

**Јавното комунално претијатие Лакавица Конче** застапеноста на припадници на машки во однос на припаднички од женски пол застапеноста е  21% жени и 79% мажи , според оваа имаме погоема родована неизедначеност по однос на мажи-жени и има потреба во наредните години од овој процент на работно ангажирани лица да имаат позитивен приоритет жените со цел да се приближи процентот во однос на вработени мажи и жени во јавното комунално претпријатие.
По однос на остварувањето на годишна просечна нето заработувачка во однос на вработни мажи и жени во ЈПКД Лакавица-Конче во 2020 година, мажите остваруваат поголема нето заработувачка.

**Детска установа Детска градинка 12 Јули Конче** застапеноста на припадници на машки во однос на припаднички од женски пол застапеноста е 100% жени и 0 % мажи , според оваа имаме родова неизедначеност по однос на мажи-жени и има потреба во наредните години оваа состојба на работно ангажирани лица да имаат позитивен приоритет мажите со цел да се зголеми процентот во однос на вработени жени во Детската градинка.
По однос на остварувањето на годишна просечна нето заработувачка во однос на вработни мажи и жени во Детсаката градинка 12 Јули Конче во 2020 година, имаме само висина на нето заработувачка за жени.

**По однос на раководни позиции помеѓу жените и мажите** во институции на општина Конче имаме блиска или мала родова разлика на лице мажи жени назначени лица на раководни позиции.Сосотјбата во 2020 година е мажите на роководни функции се позастапени од жените што упатува на потреба и на подобрување на оваа состојба во блиска иднина.

**Збирен преглед за родова застапеност по сите наведени ставки** од Извештајот за родова распределба дава јасна слика за состојбата со родовата еднаквост и распределеност на мажите и жените во 2020 година констатирана со првата пилот  анализа направена од одделението за правни општи работи  и јавни дејности на општина Конче. Оваа анлиза треба да биде како показател за превземањето на мерките за родова еднаквост во наредните години.

Бр.10-67/1
18.01.2021

Општина Конче
Одделение за правни општи работи  и јавни дејности
Раководител
Тинка Ангелова